Република Македонија
бр. 16-
__________.2010 год.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот: Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица

Усогласеност со Годишната програма на Владата: Да

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:
ДА

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
На првата наредна

Карактер на материјалот:
- Слободен пристап

Итност на материјалот: Не

Прилог:

Дата на доставување на материјалот:
.1o.2010 година

МИНИСТЕР,
ФАТМИР БЕСИМИ

Изготвил: Ардиана Абази Рамадани, помошник раководител на сектор
Контролирал: Александар Поповски, раководител на сектор
Согласен: Исмаил Ебипи, државен советник
Одобрил: Катерина Костеска, државен секретар

**Република Македонија**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

***М Е М О Р А Н Д У М***

НАСЛОВ: Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица

**МИНИСТЕР,**
**Фатмир Бесими**

ПОТПИС: ____________________

**Скопје, октомври 2010 година**

**1.Осврт по материјалот:**
Со предлог законот се овозможува институционална имплементација на проектот едношалтерски систем фаза 2

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**
Донесувањето на законот е единствено решение во конкретниот случај бидејќи во 2010 година целосно ќе се заокружи процесот на воспоставување на електронска регистрација во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централен регистар, ќе се изврши електронско поврзување на ЦРМ со Агенција за вработување и социјалните фондови, ќе стане функционален регистарот на лица кои ен можат да основаат и да управуваат со трговски друштва како и ќе се овозможи електронско заведување лизинг и залог во заложниот регистар и регистарот за лизинг договори и последно, електронски ќе се се следат и евидентираат стечајните постапки во Република Македонија.

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:** Предлог закон е изработен поврзан со имплементацијата на едношалтерски систем фаза 2 во која учествува Централен Регистар како главна институција имплементатор во соработка со ПИОМ, ФЗРМ и АВРМ.

**4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош :** НЕ
**Дали е донесена одлука на Комисијата за заштита на конкуренцијата за компатибилноста на државната помош:** НЕ

**5. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог)**
НЕ

**6. Усогласеност со преземените обврски од ратификуваните меѓународни договори):** НЕ

**7. Решение кое се препорачува (со образложение):**
Да се усвои предлог законот со цел овозможување правен основ за користење на електронски решенија за упис во регистрите на ЦРМ.

**8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:** НЕ

**9. Очекувани влијанија:** Подобрување на деловното окружување и институционалното зајакнување

**10.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

**11. Клучни елементи за информирање на јавноста:** Користење на електронски решенија за упис во регистрите на ЦРМ.

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ
НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| Назив:<br>Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица | Министерство / орган на државна управа :<br>Министерство за економија |
| Цел на предлогот:<br>Предлог закон | Вид на предлог:<br>Информација |
| Контакт лице и звање:<br>Александар Поповски, раководител на сектор за ЕУ | Контакт тел./факс или е-пошта:<br>3093-467, aleksandar.popovski@economy.gov.mk |

Активност:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на барање: | () Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( ) Друга нова регулатива | (^ ) Нова програма<br><br>() Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |

Цел на барањето / предложената активност: Усогласување со Европското законодавство

Врска со владината програма: Европски интеграции

| Фискални импликации: | (илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| A. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| B. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| C. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| D. Расположливи средства од прелевање (од други активности или | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| E. Нето импликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| F. Зголемување / намалување на приходите | 0 | | | |
| Г. Дополнителни извори на финансирање или споредување на трошоците | 0 | | | |
| 10. Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | 0 | | | |
| 11. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г) | | | | |
| 12. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | | | | |
| 13. Дата на завршување на проценката | 26.09.2010 | | | |
| 14. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | 26.09.2010 | | | |
| 15. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 16. Измени побарани од Министерството за финансии: | | | | |
| 17. Одговор на министерството-предлагач: | | | | |
| 18. Одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 19. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | | | | |

20. Одобрено/Дата: ______.10.2010 Министер,
Државен секретар, Ден / месец / год. Фатмир Бесими
________________ Ден / месец / год.
Катерина Костеска

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И РЕГИСТАРОТ НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

Скопје, октомври 2010 година

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Генералната цел на овие измени и дополнувања на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица е да се воведе правен основ за реализација на електронските решенија кои се развиваат во рамките на Проектот едношалтерски систем - Втора развојна фаза. Со измените ќе се овозможи од моментот на целосна оперативност и функционалност на електронските решенија за упис во трговскиот регистар, регистарот на лизинг, заложниот регистар, регистарот на лица кои не можат да управуваат и основаат трговски друштва, електронски внес на податоци кои ќе се третираат како правно релевантни и согласно кои ќе се изврши упис во надлежен регистар

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог законот се заснова на истите начела на кои се заснова и законот кој се менува.
Основните решенија на законот се да се овозможи електронско поднесување на документи и прилози во постапките на упис во трговскиот регистар, регистарот на други правни лица, регистарот на лизинг, заложниот регистар, регистарот на стечаи и регистарот на лица кои не можат да управуваат и основаат трговски друштва, заради намалување на административните трошоци, скратување на времето за бизнис заедницата во процесот на исполнување на законските обврски за упис во регистри на податоци од значење за остварување права.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Проектот едношалтерски систем фаза 2 се финансира 100% од Проектот на Светска Банка за подобрување на деловното окружување и институционално зајакнување (БЕРИС) почнувајќи од 2008 година.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Сите финансиски средства наменети за реализација на електронските решенија во врска со овој закон се обезбедени уште од 2008 година истите веќе се реализирани по однос на склучени договори за набавки во рамките на Проектот на Светска Банка за подобрување на бизнис окружувањето – БЕРИС со кои е извршена набавка на потребна хардверска инфраструктура и дизајнирани електронски решенија. Исто така, со влегувањето во сила на овој закон нема да се предизвикаат никакви финансиски обврски и трошоци за бизнис заедницата, напротив ќе се овозможи поефтино и побрзо добивање информации од регистрите.

## V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕУ

Нема.

## ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И РЕГИСТАРОТ НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

Член 1

Во Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2005, 13/2007, 150/2007 и 140/08) ставот (1) се менува и гласи:

„Со овој закон се уредува/уредуваат едношалтерскиот систем, водењето на трговскиот регистар и на регистарот на други правни лица, регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност, регистар на казни за сторените кривични дела на правни лица од страна на Централниот регистар на Република Македонија (во натамошниот текст: Централен регистар) во писмена и електронска форма како и преземањето на водењето на трговскиот регистар, судскиот регистар, регистарот на водните заедници, регистар на водостопанства, регистар на здруженија и фондации и регистар на комори од надлежните судови од страна на Централниот регистар.“

Член 2

Во член 2 точката 24) се менува и гласи:

„Регистарот на казни за сторените кривични дела на правни лица е јавна книга која претставува единствена електронска база на податоци којашто содржи податоци од казнената евиденција на првостепениот суд за главните и споредните казни за сторени кривични дела на правни лица пропишани со Кривичниот законик на Република Македонија.
“

Точката 25 се брише.

Член 3

По член 3 се додава нов член 3-а кој гласи:

„Член 3-а

(1) Преку едношалтерскиот систем се овозможува стечајните управници да внесуваат податоци за стечајните постапки кои се водат пред надлежните судови во Република Македонија согласно Законот за стечај.“

(2) Министерот за економија ќе ја пропише формата, содржината и начинот на внесување на податоци преку едношалтерскиот систем за стечајните постапки кои се водат пред надлежните судови во Република Македонија согласно Законот за стечај.“

Член 4

Во член 4 по ставот (3) се додаваат три нови ставови (4), (5) и (6) кои гласат:
„(4) Централниот регистар преку едношалтерскиот систем обезбедува електронско решение за внесување на податоците од член 3-а став (1) од овој закон.
„(5) Централниот регистар преку едношалтерскиот систем обезбедува електронско решение за водење на регистарот на лица кои не можат да основаат и да управуваат со трговски друштва во Република Македонија согласно одредбите од Законот за трговските друштва.
„(6) Централниот регистар преку едношалтерскиот систем обезбедува изразување на деловните и финансиските податоци за субјектите кои се запишани во регистрите и на другите податоци со кои располага во меѓународно прифатен стандардизиран софтверски јазик.“

Член 5

Насловот и членот 13-б се менуваат и гласат:

Регистар на казни за сторени кривични дела на правни лица

Член 13-б

(1) Судовите, правосилните одлуки за изречените главни и споредни казни за сторени кривични дела на правни лица, по службена должност ги доставува до Централниот регистар на Република Македонија за впишување во регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица.
(2) Главната казна се брише по службена должност од регистарот од став (1) на овој член по навршување на три години од денот на извршената или застарената казна.
(3) Споредните казни од членот 96-б точки од 1 до 6 од Кривичниот законик се бришат по службена должност од наведениот регистар по истекот на времето за кое се изречени.
(4) Министерот за економија ќе ја пропише формата, содржината и начинот на водење на регистарот на казни за сторени кривични дела на правни лица.“

Член 6

Членот 13-в се брише.

Член 7

Во член 21 во ставот (3) зборовите адреса на електронска пошта се бришат.
По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:
„ (4) Во постапката на упис во надлежен регистар субјектите на упис должни се да впишат и податоци за адреса на електронско сандаче за достава на писмена и други податоци кои се донесуваат во електронска форма преку едношалтерскиот систем.“

Член 8

Во член 23 во ставот (2) по втората реченица се додава нова реченица која гласи:

„Обрасците за упис може да се направат достапни и во електронска форма заради нивно поднесување по електронски пат преку едношалтерскиот систем.“

Член 9

Во насловот на член 27 зборот „Софтверско“ да се замени со зборот „Електронско“.

Ставот (1) во првата реченица зборот „софтверско“ се заменува со зборот „електронско“.
Во истиот став во втората реченица зборот „Софтверското“ се заменува со зборот „Електронското“.

Во ставот (2) по зборот "сигурност " се додаваат зборовите " и заштита ".

Член 10

Во член 30 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Донесеното решение за упис е достапно за субјектот на упис во електронска форма во случај кога поднесувањето на пријава за упис се врши по електронски пат преку интернет. По барање на овластениот подносител решението може да му биде доставено на субјектот на упис и во писмена форма.“

Член 11

Член 32 се менува и гласи:

„Постапката за упис во регистарот се поведува со поднесување на пријава за упис во писмена форма до канцеларијата на Централниот регистар, или со поднесување на пријава за упис во електронска форма преку едношалтерскиот систем доколку со друг закон поинаку не е определено.“

Член 12

Во член 33 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Централниот регистар преку едношалтерскиот систем овозможува сите подносители на пријави за упис во трговскиот регистар кои поднесувањето го вршат по електронски пат надвор од територијата на Република Македонија да користат опција на јазична поддршка на друг службен јазик на земја членка на Европската Унија кој одговара на македонската поддршка за истото решение.“

Член 13

Во член 42 по ставот (3) се додаваат два нови ставови (4) и (5) кои гласат:

„(4) Решението донесено во постапка на електронско поднесување документи за упис во регистарот се смета за доставено кога истото ќе биде објавено на официјалната интернет страница на Централниот регистар на Република Македонија.
(5) Централниот регистар е должен да испрати примерок од решението определено во ставот (4) од овој член на адресата на електронското сандаче на субјектот на упис за кој е донесено решението.

Член 14

Во член 63 во ставот (1) бројот " 2500“ се заменува со бројот „1200“ а бројот „5000“ со бројот „2500“.
Во ставот (2) бројот „1000“ се заменува со бројот „500“ а бројот „2000“ со бројот „1000“.

Член 15

Во член 65 во ставот (1) бројот " 2500“ се заменува со бројот „1200“ а бројот „5000“ со бројот „2500“.
Во ставот (2) бројот „1000“ се заменува со бројот „500“ а бројот „2000“ со бројот „1000“.

Член 16

Во членот 66 став (1) бројот " 2500“ се заменува со бројот „1200“ а бројот „5000“ со бројот „2500“.
Во ставот (2) бројот „1000“ се заменува со бројот „500“ а бројот „2000“ со бројот „1000“.

Член 17

По членот 66 се додава нов член 66-а кој гласи:

„Член 66-а

(1) Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на субјект на упис доколку не постапи согласно член 20 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот еден од овој член и на одговорното лице.“

Член 18

Централниот регистар на Република Македонија ќе воведе меѓународно прифатен стандардизиран софтверски јазик за изразување на деловните и финансиските податоци за субјектите кои се запишани во регистрите и на другите податоци со кои располага од 1.01.2013 година.

Член 19

Прописите предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 20

Субјектите на упис запишани во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица се должни најдоцна до 1.09.2011 година да поднесат пријава за упис на адреса на електронско сандаче за достава на писмена и други податоци кои се донесуваат во електронска форма преку едношалтерскиот систем.

Член 21

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА
ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И РЕГИСТАРОТ НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

Поради фактот што од неговото основање до денес, Централен регистар преку едношалтерскиот систем постојано го проширувaше опфатот на функциите кои ги извршува се наметна потреба од правно-техничко подобрување на текстот на предметот на уредување на законот. Истовремено регистарот на побарувања во стечајна постапка се брише бидејќи овој регистар ќе биде заменет со комплетно електронско решение за следење на стечајните постапки во Р.Македонија што е далеку поквалитетно и транспарентно решение на место на постоење на регистар на само еден вид податоци во стечајот.

Со член 2 се врши правно техничко допрецизирање и номотехничко усогласување на овој закон со Кривичниот законик во делот на регистрирањето на сторените кривични дела на правни лица. Исто така поради причини објаснети во образложението за членот 1 од овој предлог закон се брише дефиницијата на досегашниот регистар на побарувања на доверителите во стечајна постапка и воопшто се брише овој регистар од законот поради негова замена со комплетно електронско решение за следење на стечајни постапки во Р.Македонија.

Со член 3 се проширува делокругот на работи кои се вршат преку едношалтерскиот систем токму во правец на обезбедување правен основ за електронско следење на сите стечаи во Р.Македонија. Ова електронско решение е развиено во рамките на проектот Едношалтерски фаза 2 во 2010 година и во моментот се вршат последните тестирања пред негово пуштање во реална функција. Поради сеуште недоволно развиениот капацитет на судскиот систем во делот на електронско поврзување и следење на судските предмети кои се однесуваат на стечајот, за сега е возможно електронското решение да биде користено од стечајните управници за кои материјалната обврска ќе биде пропишана во првите наредни измени на Законот за стечај предвидени до крајот на 2010 година.

Со член 4 се пропишува правен основ за електронско регистрирање трговско друштво во Република Македонија, односно користење на електронска апликација за истата цел, потоа се усогласува законот со последните измени на Законот за трговските друштва во правец на утврдување правен основ за водење на регистарот на лица кои не можат да основаат и да управуваат со трговски друштва во Република Македонија согласно одредбите од Законот за трговските друштва и се утврдува правен основ за стандардизирано користење на меѓународно прифатен електронски јазик за унифицирано изразување на деловните и финансиските податоци со кои располага Централниот регистар.

Со член 5 се врши правно-техничко и номо-техничко подобрување на текстот на членот.

Со член 6 се брише регистарот на побарувања на доверители во стечајната постапка со оглед дека истиот е супсумиран во склоп на решението за е-стечај за кое се воведува правен основ во овој предлог-закон.
Со член 7 се врши усогласување со направените измени во Законот за парничната постапка со потребата во Законот за едношалтерски систем да се утврди правен основ за задолжителност на запишување на електронска адреса на субјектите на упис заради достава на писмена. Соодветни измени во таа насока ќе се направат и во материјалниот закон, односно Законот за трговските друштва.

Со член 8 се овозможува обрасците за упис да бидат достапни во електронска форма како би можела и да се врши електронска регистрација на трговско друштво.

Со член 9 се врши правно техничко подобрување на текстот на законот

Со член 10 се овозможува решението за упис при електронска регистрација на трговско друштво да може да му биде доставено на субјектот на упис и во писмена форма.

Со член 11 се воведува правен основ да се поднесуваат електронски документи и пријави за регистрирање на трговско друштво

Со член 12 се воведува можност за јазична поддршка на некој од јазиците на земјите членки на ЕУ во случај кога лице надвор од територијата на Република Македонија сака да основа и регистрира трговско друштво по електронски пат во Централниот регистар, при што со ова се овозможува странски државјани со познавање на пример на англиски јазик (каква што првична поддршка ќе има електронската апликација) да поднесат документи за регистрација.

Со член 13 се уредува прашањето од кога се смета дека е важечко решението за упис на трговско друштво во трговскиот регистар за кое се поднесени документи за упис по електронски пат

Со член 14, 15, 16 и 17 се врши усогласување (намалување) на износот на глобите во законот согласно новата казнена политика на Владата на Република Македонија.

Со член 18 е воведен преоден период во кој Централниот регистар на Република Македонија ќе воведе меѓународно прифатен стандардизиран софтверски јазик за изразување на деловните и финансиските податоци за субјектите кои се запишани во регистрите и на другите податоци со кои располага (од 1.01.2013 година).

Со член 20 се воведува преоден период во кој субјектите запишани во регистрите на ЦРМ се должни д апријавата електронска емаил адреса.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата во предложените одредби се поврзани со одредбите на Законот за трговските друштва за водење на регистарот на лица кои не можат да основаат и да управуваат со трговските друштва додека во останатиот дел одредбите вршат проширување на постојните функции на едношалтерскиот систем во делот на овозможувањето електронска регистрација на правни лица и електронско следење на стечаите во Република Македонија. Во однос на постапката за упис новина е што се воведува правен основ за електронизација на поднесувањето пријава за упис во регистар, нејзино разгледување, одобрување, како и издавање решение за регистрација по електронски пат.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Се овозможува целосно безбедно електронско поднесување на документи за регистрација на трговски друштва со користење на електронски потпис. Со тоа ќе се овозможи регистрација на трговско друштво во Република Македонија од било која локација во светот при што подносителот треба да има електронски потпис и валидна кредитна картичка.

Истовремено се овозможува постојано следење на текот на стечајните постапки во Република Македонија при што стечајните управници се главните одговорни лица кои ќе вршат внесување на податоци во системот додека ЦРМ истиот ќе го одржува и ќе креира извештаи . Секоја заинтересирана странка ќе може да добие информација за секоја стечајна постапка и за секоја фаза од стечајната постапка за тоа кои дејствија, одлуки и решение се донесени, додека Министерството за економија и Владата на Република Македонија покрај претходно ќе добиваат посебни макро-извештаи за глобалното движење на стечајните постапки во земјата.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ ОДНОСНО ДОПОЛНУВААТ

Закон за Едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2005, 13/2007 и 150/2007, 140/08).

Содржина на законот
Член 1

(1) Со овој закон се уредува/уредуваат едношалтерскиот систем, водењето на трговскиот регистар и на регистарот на други правни лица од страна на Централниот регистар на Република Македонија (во натамошниот текст: Централен регистар) во писмена и електронска форма и други прашања од значење за уредно водење на регистрите и остварувањето на едношалтерскиот систем, како и преземањето на водењето на трговскиот регистар, судскиот регистар, регистарот на водните заедници, регистар на водостопанства, регистар на здруженија на граѓани и фондации и регистар на комори од надлежните судови од страна на Централниот регистар.

24. „Регистарот на споредни казни за сторените кривични дела на правни лица“ е јавна книга која претставува единствена електронска база на податоци којашто содржи податоци од казнената евиденција на првостепениот суд за споредните казни за сторени кривични дела на правни лица пропишани со Кривичниот законик на Република Македонија;

25. „Регистарот на утврдените побарувања на доверителите во стечајна постапка“ е јавна книга која претставува единствена електронска база на податоци којашто содржи податоци кои се содржани во решенијата донесени од стечајните судии за утврдените и оспорените побарувања на доверителите во постапката на стечај пропишани со Законот за стечај.“

Регистар на споредни казни за сторени кривични дела на правни лица
13-б

(1) Судовите коишто водат казнена евиденција на споредни казни за сторените кривични дела на правни лица којашто е пропишана со Кривичниот законик се должни да доставуваат податоци по службена должност до Централниот регистар
на Република Македонија заради упис во регистарот на споредни казни за сторените кривични дела на правни лица.
(2) Министерот за економија ќе ја пропише формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на споредни казни за сторените кривични дела на правни лица.

Регистар на утврдени побарувања на доверителите во стечајна постапка

13-в

(1) Судот пред кој се води постапка за стечај е должен по службена должност до Централниот регистар на Република Македонија да достави примерок од решението за утврдените и оспорените побарувања на доверителите во постапката на стечај заради обезбедување на податоците кои се од значење за упис во регистарот на утврдените побарувања на доверителите во стечајна постапка.

(2) Министерот за економија ќе ја пропише формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на утврдените побарувања на доверителите во стечајна постапка.“

Член 4

(1) Централниот регистар преку едношалтерскиот систем врши:
определување и доделување на единствен матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС);
- определување на назив и шифра на регистрираната претежна дејност според НКД;
- определување на шифра на организациониот облик на субјектот;
- внесување на единствениот даночен број (ЕДБ) на субјектот на упис;
- внесување на сметка од банка по избор на субјектот на упис и
- други податоци од значење на субјектот на упис.

(2) Податоците од ставот (1) на овој член Централниот регистар ги внесува во соодветниот образец за упис, согласно со прописот од членот 23 на овој закон.

Член 2

Во членот 4 став (1) алинеја 2 зборовите: "регистрираната претежна" се заменуваат со зборот „приоритетна".

По алинејата 6 се додаваат две нови алинеи 7 и 8, кои гласат:

"- внесување на податоци за првото вработување на лицата овластени за застапување (застапник по закон) на субјектите на упис и нивно вклучување во задолжителното социјално осигурување (пензиско, инвалидско и здравствено осигурување) доколку е поднесена пријава и
- давање на електронски сертификати на субјектите на упис кои се издадени од овластените издавачи на електронски сертификати."

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Централниот регистар ја доделува и менува главната приходна шифра."

Член 5

(1) Заради воспоставувањето и функционирањето на едношалтерскиот систем, надлежните државни органи и другите институции и организации кои водат основни и посебни регистри и коишто располагаат со податоци од значење за остварување на право, се должни да соработуваат преку едношалтерскиот систем со Централниот регистар и да ги доставуваат

податоците со коишто располагаат, како и да даваат појаснувања и помош во врска со вршењето на работите од својата надлежност. Надлежните органи и другите институции и организации кои според закон водат основни и посебни регистри, се должни да му овозможат на Централниот регистар непречено користење на нивните податоци.
(2) Централниот регистар обезбедува приклучна точка во својата инфраструктура за електронско поврзување на своите регистри со другите регистри или бази на податоци коишто согласно со закон се водат во Република Македонија или надвор од неа кога тоа е од значење за воспоставување и функционирање на едношалтерскиот систем.
(3) Поврзувањето со Централниот регистар се врши врз основа на единствени постапки и обрасци во електронски или друг облик преку безбедни врски, заради постигнување рационалност во работењето и нивна полесна и побрза достапност до едношалтерскиот систем.
(4) Трошоците за електронското поврзување, кое овозможува електронска размена на податоците со субјектите учесници во едношалтерскиот систем, ги поднесува секоја страна учесник.

Член 2

Во членот 5 став (1) во првата реченица по зборовите: "доставуваат податоците со кои располагаат" се додаваат зборовите: "без надоместок".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Централниот регистар обезбедува приклучна точка во едношалтерскиот систем преку својата инфраструктура за електронско поврзување на своите регистри со другите регистри или бази на податоци коишто се водат согласно со закон."

Член 21

(1) Регистарот ги содржи податоците кои со закон е определено дека се запишуваат во регистар.
(2) Во регистарот се внесуваат и податоци коишто се од значење за вршење на дејноста на субјектот на уписот и тоа запишување на доделениот број на обврзник на ДДВ, лиценци, посебни дозволи, концесии и слично, а коишто со закон е определено да се запишуваат во посебни регистри и евиденции. Овие податоци се евидентираат во електронска форма.
(3) Покрај податоците од ставовите (1) и (2) на овој член, по барање на субјектот на упис во регистарот можат да бидат запишани и информации за бројот на телефон, број на факс, адреса на електронска пошта, адреса на веб страница и други податоци за субјектот на упис содржани како опции во пријавата.

Член 23

(1) Уписите во регистар се вршат на посебни обрасци.
(2) Обрасците за упис ги изготвува Централниот регистар и тие го следат системското решение на соодветниот регистар. Формата и содржината на обрасците ги пропишува министерот за економија.

Член 27

(1) Централниот регистар изготвува софтверско решение за водење на сите видови на уписи во регистрите во електронска форма по хронолошки редослед. Софтверското решение обезбедува строго контролиран пристап само на овластени лица до системот пријавени во Централниот регистар, со свое корисничко име и лозинка.
(2) Централниот регистар обезбедува сигурност на податоците кои ги води во електронска форма преку мерки на физичка заштита и систем за двојно чување на податоци.

Член 30

(1) По внесувањето, проверката и одобрувањето на податоците во електронскиот образец, податоците што се внесуваат во регистарот автоматски се печатат.
(2) Решението за упис во регистарот се донесува на образец соодветен за видот на уписот, според податоците од ставот (1) на овој член.
(3) Решението за упис ги содржи тековните податоци за субјектот на уписот во регистарот.

Член 32

Постапката за упис во регистарот се поведува со поднесување на пријава за упис до канцеларијата на Централниот регистар, освен ако со друг закон поинаку не е определено.

Член 42

(1) Централниот регистар, по внесувањето на податоците од членот 4 на овој закон, решението за упис го доставува на субјектот на уписот и до други субјекти кога тоа е определено со закон.
(2) Решението за упис од ставот (1) на овој член се доставува без одлагање по претходно доставен доказ за уплатениот надоместок на трошоците на Централниот регистар.
(3) Датумот на приемот на решението се забележува на решението во писмена форма и се внесува во решението во електронска форма.

Член 65

(1) Со парична казна од 50.000 до 250.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице кое води основен или посебен регистар доколку до Централниот регистар:
- не достави примерок од решението за извршениот упис во регистарот (член 13 став (1)) и
- не ги пренесе запишаните податоци во електронска форма врз основа на планот донесен од Централниот регистар (член 72).
(2) Со парична казна од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршокот од ставот (1) на овој член и одговорното лице во правното лице.

Член 66

(1) Со парична казна од 50.000 до 250.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице кое нема да го воведе и користи ЕМБС како единствен идентификатор согласно со членот 6 на овој закон (член 71 став (2)).
(2) Со парична казна од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршокот од ставот (1) на овој член и одговорното лице во правното лице.

Член 10

Насловот на Главата IV "КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ" се менува и гласи:
"ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ".

Член 11

Во членот 63 став (1) зборовите: „Со парична казна од 80.000 до 250.000 денари, ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: „Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на".

Ставот (2) се менува и гласи: "Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Во членот 64 став (1) зборовите: "Со парична казна од 50.000 до 150.000 денари, ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на".

Ставот (2) се менува и гласи: "Покрај глобата за прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење на дејност во траење од три до пет години."

Ставот (3) се менува и гласи: "Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице. Покрај глобата ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење на должност во траење од три до пет години."

Член 13

Во членот 65 став (1) зборовите: "Со парична казна од 50.000 до 250.000 денари, ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на".

Ставот (2) се менува и гласи: "Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Член 14

Во членот 66 став (1) зборовите: "Со парична казна од 50.000 до 250.000 денари, ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на".

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."